Ново Срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 132. Дата: 21. 05. 2012.

# ВЕРА И ДОВЕРБА



Жан Франсоа Гравел (1824-1879), познат како Блондин, бил славен акробат, одел по јаже. Во 1860 г. тој се одлучил на неверојатен потфат: соопштил на јавноста дека ќе оди по јаже, оптегнато над Нијагарините водопади. Јажето било долго 335 метри, на висина од 50 метри над водата.

На самиот ден, се собрала огромна толпа луѓе, кои дошле на лице место да го набљудуваат настанот. Блондин најнапред само го преминал јажето, од едната на друга страна на водопадите. Следувал громогласен аплауз.

На неговото второ поминување, тој застанал на половина пат, извадил неколку јајца од џебот и во една тава си подготвил омлет, кој потоа го изел пред очите на сите. Публиката била воодушевена.

Потоа, се вратил назад, зел една количка полна со компири и заедно со неа, пак преминал по јажето. Неговата храброст и способност, уште еднаш биле наградени со аплауз и овации.

Пред да ја изведе следната точка, Блондин се доближил до публиката и запрашал еден од присутните: „верувате ли дека можам во количката да пренесам и човек?“ –„Да“, одговорил човекот без двоумење. Тогаш Блондин го поканил да влезе во количката, како потврда на неговата вера. Сепак, човекот ја одбил ваквата покана, со видлив страв на неговото лице.

Реакцијата на овој човек многу потсетува на формалната вера, која многу луѓе денес ја покажуваат кон Бог. Исто како и човекот, тие на зборови кажуваат дека се големи верници, дека Му веруваат на Бога, за се што Тој го објавил во својот збор-Библијата, но во пракса тие не се спремни да Му се доверат Нему и живеат спротивно од она што Бог го бара од нив.
Тие велат дека веруваат во Бог кој што е силен, праведен, свет, семоќен, сеприсутен, милостив... па сепак, многу ретко го бараат во молитва, не бараат милост и прошка за нивните гревови, не живеат свет живот, подготвувајќи се за судот Божји, не се доверуваат на Него...

- Ако би верувале во Бог кој дава живот вечен, би живееле живот исполнет со надеж.
- Ако луѓето би верувале во праведен Бог, и тие самите би живееле праведно.
- Ако би верувале во милостив Бог, тие би Му ги исповедале своите гревови
- Ако би верувале во семоќен Бог, би Му ги споделувале своите проблеми.
- Ако би верувале во Бог кој е полн со љубов, би Го барале секојдневно.



Па каков верник си Ти? Дали веруваш во Бог само на зборови, или си спремен да влезеш во „количката“ и да живееш како христијанин, знаејќи дека Бог ќе го исполни секое ветување? Дали си спремен не само да веруваш во Христос, туку и да Му го довериш целосно твојот живот, со увереност дека Тој е моќен да те избави од гревот и да ти даде живот вечен?
Во Библијата стои запишано: *„Верувај во Господ Исус и ќе се спасиш ...“* (Дела 16:31).

Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com